# ЗА МАВРОВО
# ГАРАНТИРАМЕ

7

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нѐ има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомenete на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани пријатели, соседи, граѓани на Маврово и Ростуше!

Пред сѐ, сакам да ви се заблагодарам за големата поддршка.

Вие сте и главниот мотив за мојата одлука да се кандидирам за градоначалник на Маврово и Ростуше.

Искрено верувам дека во животот можеме да направиме безброј добри дела, безброј добри работи за заедницата, само ако при тоа не се ограничуваме на тоа кој ќе ги добие заслугите.

Израснавме заедно и добро се познаваме!

Време е да се сплотиме, време е да работиме заедно, за сите луѓе!

Силно сум мотивиран да ставиме крај на поделбите, да ставиме крај на лошите одлуки, да ставиме крај на лошите решенија.

Силно сум мотивиран да ги вклучиме сите луѓе, без притоа да бараме каков било политички активизам и партиско експонирање.

Силно сум мотивиран да го вклучиме целиот човечки, интелектуален потенцијал на секој еден човек од Маврово и Ростуше, сите професионалци, млади иноватори, правници, економисти, приватни стопанственици, инженери, наставници, спортисти и вредни работници.

Поаѓам од себе и од тоа што јас го посакувам за мојата општина, а верувам дека тоа е желбата на најголемиот дел од вас, а тоа е да изградиме подобро место за живеење, искрен пристап кон решавање на проблемите, добра бизнис-клима, создавање повол-

ни услови за отворање на мали и средни препријатија во кои ќе се вработуваат нашите млади кадри, создавање подобри економски услови, почиста животна средина, накратко кажано, подобра општина која поуспешно ќе ги менаџира потребите на сите граѓани.

Како лекар, имам можност, да го видам и да го слушнам народот, да му ја разберам маката и да му помогнам.

Како ваш пријател и сосед добро ги познавам секојдневните проблеми со кои сите заедно се соочуваме.

Како родител, сакам и имам обврска да изградам поздраво општество во кое ќе растат моите и вашите деца.

Да изградиме поздрава заедница за сите нас!

Знам дека умееме, знам дека сакаме, знам дека може да биде добро за сите луѓе во Маврово и Ростуше!

Ветувам дека ќе дадам сè од себе, заедно со сите вас да ја направиме Општина Маврово и Ростуше достоинствено место за живеење за сите луѓе, без разлика на нивната национална, верска или партиска припадност.

Подобра иднина за сите луѓе во Маврово и Ростуше.

Економски стабилна и просперитетна Македонија за сите луѓе!

Со почит,

Мевмед Џафери

# 2. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

- Урбанизација, целосно инфраструктурно решение на индустриските зони со парцелизација и обезбедување на целокупната потребна инфраструктура (пристапен пат, снабдување со вода и струја), а со цел привлекување на домашни и странски инвеститори за побрз економски развој како и отварање на туристички развојни зони.
- Целосна енергетско ефикасна реконструкција на ОУ „Хајан Селмани“ во с. Ростуше.
- Реконструкција и асфалтирање на стариот локален пат во с. Маврово и поставување целосна нова линија за енергетско ефикасно улично осветлување со амбиентални светла.
- Целосно пробивање и тампонирање на пат од Долно Маало во селото Требиште до реката Радика преку м.в. Влојзам, а со искористување на средства од Програмата за рурален развој и изградба на мост за приклучување на регионалниот пат Маврово – Дебар.
- Изградба на базен со сите придружни содржини во близина на спортската сала „Македонија“.
- Целосна реконструкција и проширување на патниот правец што го поврзува селото Присојница со регионалниот пат Маврово – Дебар и поставување на заштитна ограда – браници за безбедно одвивање на сообраќајот.
- Асфалтирање на делови од пристапни патишта во неколку населени места во горнореканскиот регион и тоа во селата Врбјани, Нистрово, Сенце, со вкупна должина од 12 км.
- Реконструкција на мостот со проширување на коловозната лента до с. Јанче, со што ќе се овозможи пристап до селото на поголеми возила - автобуси, и ќе се обезбеди поголема пристапност на туристи и поттикнување на економскиот развој на населеното место.
- Изградба на канализациона мрежа во с. Аџиевци.
- Пробивање, тампонирање на обиколен пат од м.в. Бигорец до м.в. Рамнилас и поврзување на двата пристапни патишта до Скудриње,

со проширување на влезот во Бигорец и изградба на паркинг за најмалку 50 возила во с. Скудриње.

- Урбанизација на индустриската зона на една локација под с. Скудриње.

# 3. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Приоритет на ВМРО-ДПМНЕ се ниски и рамни даноци и ветуваме дека Општината нема да ги зголемува даноците. Ќе се зајакнат фискалните капацитети на Општината за поефикасна наплата на локалните даноци и такси и истите преку соодветни програми да се рефундираат во Општината за потикнување на локалниот економски развој.

- Општината ќе пристапи кон подобрување на човечките ресурси за реализација на проекти од прекуграничната соработка Македонија – Албанија, како и Македонија – Косово и искористување на ИПА-фондовите.
- Редовно испраќање на општинската администрација на обуки за изготвување на проекти со стандарди и норми кои ги исполнуваат критериумите на Европската Унија.
- Со цел да се обезбеди конзистентност на активностите и сеопфатен пристап, како и поголема инволвираност на граѓаните и бизнис- заедницата во процесот на одлучување, Општината ќе изработи стратегија за ЛЕР со јасно дефинирани цели, активности и мерливи индикатори за нејзин напредок, а со цел исполнување на една визија за создавање попросперитетно Маврово и Ростуше, Општина која ќе обезбеди услови за квалитетен социоекономски квалитетен живот.
- Општината ќе ги ажурира податоците и ќе организира јавни презентации за државни локации на кои граѓаните ќе можат да започнат со свои бизниси. Во зависност од локациите, заинтересираните ќе можат да започнат сопствен бизнис од областите на лесната индустрија, сточарството, туризмот и други дејности во согласност со потребите и планот за економски развој на Општината.



# 4. ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ НА СИТЕ ЛУЃЕ

## ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

### СКУДРИЊЕ

- Целосна реконструкција на постојниот резервоар за вода, реконструкција на каптажите во местата викани Луќ и Голем Дол со нови доводни линии како и целокупната примарна и секундарна водоводна мрежа низ селото, со што конечно ќе го решиме проблемот со недостиг на вода особено во летниот период, а ќе поставиме и хидранти за гаснење на пожари на неколку клучни точки.
- Санација на новиот локален пат до м.в. Сисвети со изградба на потпорни зидови и со поставување на заштитна ограда – браници по целата должина, за безбедно одвивање на сообраќајот.
- Пробивање на планински патишта и нивно тампонирање до м.в. Луќ и Авмедова чешма и изградба на шумски куќички за одмор.
- Изградба и уредување на спортско рекреативен центар со сите придружни спортски реквизити за мал фудбал и кошарка во месноста викана Мустананива.
- Реконструкција, поставување на одводна мрежа, тампонирање и асфалтирање на патот во населбата Падина, како и поставување на мрежа за улично посветлување.

### ПРИСОЈНИЦА

- Изградба на пешачка зона од училиштето до центарот на селото.
- Целосно решавање на проблемот со системот за водоснабдување во населеното место и намалување на губитоците во примарната мрежа за водоснабдување.

### ЈАНЧЕ

- Изградба на атмосферска канализација по трасата на патот кој води за селото Галичник.
- Изградба на канализациона мрежа за оној дел од селото што не е опфатен со старата мрежа.

## АЏИЕВЦИ

- Асфалтирање и проширување на локалниот пристапен пат до селото и поставување на заштитни огради – браници за побезбеден сообраќај по истиот.
- Реконструкција на водоводната и на канализационата инфраструктура.

## РОСТУШЕ

- Дислокација на контејнерите од месноста викана На станица, а на истата локација ќе изградиме паркинг за 40 возила, хортикултурно уредена Зелена зона со детски парк, со сите придружни елементи за рекреација на најмладите.
- Изградба на нови каптажи на изворите од кои се снабдува селото со вода за пиење, како и реконструкција на доводниот систем и резервоарот за вода.
- Реконструкција и хортикултурно уредување со нова заштитна ограда, со амбиентално осветлување и со клупи за седење на централното подрачје во селото.

## ТРЕБИШТЕ

- Паркинг-простор во селото за повеќе од 40 возила.
- Уредување на училишниот двор со целосно хортикултурно решение.

## БИТУШЕ

- Промена на доводниот цевковод од каптажата до резервоарот за вода.
- Реконструкција на постојниот пристапен пат до селото.

## ЖИРОВНИЦА

- Изградба и пробивање на кружен тек во селото, со што ќе се зголеми протокот на возила особено во летниот период.
- Изградба на мост на Валавичарска Река.
- Реконструкција на мостот во Долно Маало на Жировничка Река.
- Тековно одржување на патиштата до Голема и Мала Планина.
- Челична конструкција за дополнителен паркинг-простор на постоечкиот паркинг.

## ВРБЕН

- Каптирање на нови извори, изградба на каптажи и доводен цевковод и нов резервоар за вода за пиење.
- Реконструкција на селски улици и поплочување со бекатон-коцки.
- Реконструкција на патниот правец Врбен – Богдево.

## МАВРОВИ АНОВИ

- Реконструкција, асфалтирање и уредување на локалниот пат од Македонија пат до Полициската станица и Охис.
- Пешачка патека по регионалниот пат од Поштата до бензинската пумпа „Макпетрол“.
- Тековно одржување на пешачката патека околу Мавровското Езеро во Маврови Анови.
- Реконструкција на административната зграда Маврови Анови (Одделение за урбанизам).
- Целосна реконструкција на уличното осветлување од Брана до бензинската пумпа „Макпетрол“ со поставување на нови канделабри.

## С. МАВРОВО

- Хортикултурно уредување на паркингот (плоштадот) и поставување на канделабри за осветлување со амбиентални светилки.
- Решение на комунални проблеми, изградба на нови резервоари за вода.
- Општината во својот мандат ќе се заложи, со помош на стратешки партнер, да се отпочне со изградба на прочистителни станици за отпадни води, со што ќе се придонесе кон заштитата на животната средина.
- Обезбедување на грантови и финансиска поддршка за проекти за отворање на дополнителни сместувачки капацитети, програми за привлекување на туристи и промоција на туристичкиот потенцијал на Мавровскиот регион и целата Општина.



# 5. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА – СМАРТ СИТИ (SMART CITY)

- **ПРОШИРУВАЊЕ НА ОПФАТОТ НА БЕСПЛАТНО ДОСТАПЕН ЈАВЕН ВИФИ (WI-FI) И ПРОШИРУВАЊЕ НА ОПТИЧКАТА МРЕЖА.**

- **КРЕИРАЊЕ НА ОНЛАЈН-АЛАТКА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

  (пр. со улично осветлување), ажурирање на барањето и автоматско проследување на проблемот до екипите за санација веднаш по пристигнувањето на барањето.

- **КРЕИРАЊЕ НА ИНТЕРАКТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ**

  кои ќе имаат за цел запознавање и проучување на ИТ-вештини и алатки.

- **ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ И ДИГИТАЛНА ОПШТИНА (ОТВОРЕН ПОДАТОЧЕН СИСТЕМ, ТВОЈ ДОКУМЕНТ – НАША РАБОТА, И ТИ СИ ДЕЛ ОД ПРОЦЕСОТ).**

  Преку овој проект секој граѓанин ќе има достапност до работата на Општината. Со само еден клик ќе може да се провери во која фаза е барањето кое е поднесено до општинската админстрација. Покрај ова, сите информации за општинското работење ќе бидат јавно достапни на граѓаните. Нема повеќе криење на информации. Граѓаните имаат право да знаат што работи нашата Општина. Преку овој систем, секој од вас ќе има можност активно да придонесе во одлучувањето на Општината, затоа што локалната самоуправа постои за да ги реши проблемите со кои се соочуваат граѓаните.



# 6. МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ МЛАДИ

Вложувањето во образованието е најисплатливата капитална инвестиција. ВМРО – ДПМНЕ верува дека вложувањето во образованието е вложување во најзначајниот ресурс на земјата – човечкиот капитал. Вложувањето во образованието е вложување во иднината на нашите деца и нивно формирање како квалитетни и високообразовани способни академски граѓани – подготвени за современите предизвици.

Ќе се залагаме за континуирано усовршување и развивање на наставниот кадар со цел постигнување на образовната и училишна визија, која ќе го одржува партнерскиот однос со семејството на ученикот, како и меѓусебното почитување и примената на принципот за заемна почит и толеранција.

Нашите најважни проекти, во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- Доградба и проширување на училишните простории и зголемување на бројот на паралелките за настава.
- Еднакви можности за образование за сите, стипендии за ученици и за студенти од социјално загрозените семејства како и за најдобрите во генерацијата.
- Модерна образовна инфраструктура и современи услови за учење (модернизација на сите училишта во согласност со ЕУ-стандардите и подобрување на условите за учење).
- Инвестиции во наставниот кадар.
- Организирање на летни кампови за учениците од сите основни и за учениците од средното училиште во Општина Маврово и Ростуше.



# 7. УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

- Обезбедување на соодветна инфраструктура за паметно селектирање на отпад.
- Енергетски ефикасно улично осветлување во сите населени места во Општината.
- Редовно одржување на јавната чистота во сите населени места.
- Набавка и инсталирање на противпожарни хидранти.
- Одржување на сите локални патишта во сите населени места за сигурно и непречено движење во текот на целата година.



# 8. МОДЕРЕН И АТРАКТИВЕН ЛОКАЛЕН ТУРИЗАМ

- Уредување на просторот околу Мавровското Езеро со урбана опрема и проширување на понудата за домашните и странски туристи.
- Креирање и комплетна реализација на тим-билдинг (Team-Building) манифестации со културно-забавни, спортски и адреналински содржини, како и понуда на алтернативни локални сместувачки капацитети.
- Планирање и изведба на повеќе патеки за планински велосипедизам.
- Планирање и одбележување (во соработка со планинарски друштва) на повеќе планински патеки.
- Поддршка на приватни иницијативи за развој на различни видови на туризам во Маврово, а со цел зголемување на бројот на работни места за нашите сограѓани.
- Уредување на речното корито на реката Радика.

# 9. СПОРТ И КУЛТУРА

- Реновирање и враќање во полн сјај на спортската сала МАКЕДОНИЈА.
- Санација на сите спортски игралишта и редовно одржување, изградба на нови тимски игралишта.
- Пробивање на нови велосипедски патеки.
- Активирање и поддршка на спортскиот клуб и школата за фудбал РЕКАНЦИ.
- Потикнување и финансиска поддршка на одржување на јавни настани од областа на културата.





# 10. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

Единиците на локалната самоуправа како главни носители на социјалната заштита се одговорни за основање јавни установи за социјална заштита, развивање вонинституционални форми за социјална заштита и реализирање социјални програми. Започнатите процеси на децентрализација во областа на социјалната заштита отвораат бројни можности за уште поактивна улога на општинските власти за креирање локални стратегии и програми за социјално вклучување на граѓаните на кои сме им најпотребни.

Со добивање на вашата доверба, како нова локална власт во Општина Маврово и Ростуше ќе се залагаме за мобилизирање на сите актери на локално ниво со цел обезбедување на социјална превенција, зголемување на социјалната заштита и социјално вклучување на ранливите категории граѓани.

Во Општина Маврово и Ростуше ќе ги реализираме следните проекти од областа на социјалната заштита:

- Обезбедување на еднократна парична поддршка за секое новородено дете.
- Изградба на детска градинка опремена по најсовремени стандарди во с. Ростуше, која ќе служи и за околните населени места Ростуше, Велебрдо,Требиште и Битуше.
- Поддршка за отварање на пензионерски центри во повеќе населени места. Овие дневни центри ќе бидат одлична можност за одмор, рекреација и другарување.
- Институционална и вонинституционална поддршка за социјална заштита на лицата со инвалидност, на децата без родители и родителска грижа како и на децата со социјален ризик.
- Теренско едуцирање и информирање за социјалните права – во текот на целиот мандат општинската администрација ќе ги посетува населените места и преку организирање на средби ќе ги информира граѓаните за:
    - Остварување на парична помош;
    - Мерки за заштита од семејно насилство;
    - Остварување на правото за помош на поединец или на семејство;
    - Остварување на правото на домашна нега;
    - Други права за кои ќе се утврди потреба.

vmro-dpmne.org.mk

sozdadinovaidnina.mk